# РЕГИСТАР
# НА ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН




**Куманово, март 2016**

**Нарачател:**
**Центар за развој на Североисточен плански регион**
**Ул. Илинденска бб 1300 Куманово**
**Поштенски фах 182 Телефон/факс +38931424878**
**e-mail: info@northeastregion.gov.mk**

**Регистарот го изработи:**
**Глобал Проект Консалтинг**
Консултантски тим:
Одговорен истражувач Проф. Д-р Науме Мариноски
Главен истражувач: Проф. Д-р Иванка Несторoска
Истражувач: Проф. Д-р Цветко Андреески
Помлади истражувачи: М-р Михаел Ристески, М-р Надица Ристески

**Регистарот на потенцијали за рурален туризам во Североисточниот плански регион е изработен во рамки на проектот на Министерството за локална самоуправа „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ кој го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).**

## Содржина

1. ВОВЕД ..... 7
2. ЗА ПРОЕКТОТ ..... 8
3. МЕТОДОЛОШКИ АЛАТКИ И ПРИСТАП ..... 9
4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 10
4.1 Реализација на кабинетското истражување и добиени резултати ..... 10
4.1.1 Анализа на релевантна литература и извори на податоци. ..... 11
4.1.2 Цели на кабинетското истражување ..... 11
4.1.2.1 Општи карактеристики на регионот и општините ..... 11
4.1.2.2 Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам ..... 12
4.1.2.3 Креирање на матрици на индикатори и информации ..... 13
4.2 Приказ на вредностите на матрицата од кабинетското истражување ..... 14
4.2.1 Евидентната листа на туристичката понуда ги опфаќа следниве компоненти: ..... 15
4.2.1.1 Животна средина ..... 15
4.2.1.2 Население, економска активност, производство и услуги ..... 27
4.2.1.3 Пристап, транспорт, патувања ..... 30

4.2.1.4 Култура, културни активности ........ 31
4.2.1.5 Рекреација и спорт ........ 41
4.2.1.6 Услуги за сместување и услуги на храна и пијалаци ........ 42
4.2.1.7 Настани (саеми, конгреси, конференции  и сл. ........ 44
4.2.2 Евидентна листа на туристичката побарувачка ........ 45
4.2.2.1 Посетеност ........ 45
4.2.2.2 Престој ........ 46
4.2.2.3 Потрошувачка ........ 48
4.2.2.4 Пазари ........ 48
4.2.3 Евидентна листа  на конкуренцијата ........ 49
5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 56
5.1  Фактори ........ 58
5.1.1 Туристичко-географска положба ........ 58
5.1.2 Природни фактори ........ 59
5.1.3 Културни фактори ........ 64
5.1.4 Човечки фактори ........ 68
5.1.5 Фактори на капиталот ........ 70
5.2 Атрактори ........ 71
5.2.1 Природни атрактори ........ 71
5.2.2 Културни атрактори ........ 72
5.2.3 Центри ........ 75

5.3 Поддршка ........ 77
5.3.1 Угостителство ........ 77
5.3.2 Транспорт ........ 79
5.3.3 Пратечки услуги ........ 80
5.4 Посетеност ........ 81
5.5 Потрошувачка ........ 82
5.6 Оценка на пазарот ........ 82
5.7 Оценка на конкурентноста ........ 83
5.8 Оценка на пазарните трендови ........ 84
6. ЗОНИРАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО СИПР ........ 86
7. МАПИРАЊЕ И ПРИОРИТЕТИЗАЦИЈА ........ 91
8. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 93
АНЕКС 1 - Листа на документи важни за развојот на руралниот туризам ........ 96
АНЕКС 2 - Листа на табели ........ 98

## АПСТРАКТ

Руралниот туризам претставува еден од формите на развој на средини кои поседуваат ресурски потенцијали кои можат да бидат во извесна смисла искористени и да претставуваат недопрени компоненти во поглед на вклучување во туристичката понуда. Со оглед на тоа дека потенцијалите можат да бидат дел од вкупната вредност на регионот диференцијацијата во Регистарот подразбира нивно евидентирање за да се овозможи поттикнување на вкупниот економски и социјален просперитет. Регистарот претставува инструмент кој овозможува овие категории да се искористат на оптимален начин и да послужат во изнаоѓањето на одржливи солуции кога се пристапува кон осмислувањето на документи од стратешка и програмско-планска природа. За да се дојде до вакви резултати неопходно е да се пристапи кон изнаоѓање на релевантни квантитативни и квалитативни податоци. Во оваа насока е неопходно да се има кабинетски и теренски согледувања на појавите и односите. Тоа подразбира дека сознанијата за вредностите за руралните средини во функција на развој на туризмот и одржливиот развој генерално, ќе се потпрат на ревизијата на документите кои се реализирани во планскиот регион и на ставовите и мислењата кои ги имаат познавателите на прилики во оваа смисла. Затоа е многу битно да се направи компаративно истражување кое ќе се однесува на утврдување на релевантните потенцијали низ призма на веќе утврдени документи и низ призма на нивна оценка преку примена на најсовремена методологија во оваа сфера како препорака на Светската Туристичка Организација која е во непосредна соработка со Организацијата за помош и соработка на ОН (УНДП). Добиениот резултат ни овозможува мапирање на релевантните локалитети и нивно зонирање како просторно-планска категорија со можноста за во наредниот период да се определат акциони планови во контекст на користење на факторите, атракторите и поддршката кои се присутни во планскиот регион. Во Североисточниот плански регион индикативно е дека постојат можности за заживување на руралниот туризам. Тоа се докажува преку утврдените локалитети и објекти како основна поттикнувачка активност во развојот на руралниот туризам. Исто така, карактеристика на регионот е дека основите за развој на руралниот туризам можат да се стават во комплементарна и комплексна функција на можностите за развој на други видови туризам, како на пример на транзитниот, бањскиот, ловниот, риболовниот, културниот и деловниот туризам.

Rural tourism is one of the forms for development of different regions that possess potential resourceswhich can be used in the development activities. These resources can also represent important components of the tourist supply. Given the fact that the potentials can be part of the regional total value the differentiation in the Registry means registering the individual potentials and values in order to improve the economic and social development. The Registry is a tool that allows these categories to be used in an optimal way and that can be helpful for finding sustainable solutions in the process of creating strategic and other project documents. In order to achieve these results it is necessary the approach to be oriented to finding relevant quantitative and qualitative data. In this sense it is also necessary to have a desk and field research of different phenomena and relationships. This implies that the gathered data about the values in rural areas that can be used for the development of tourism as well as sustainable development in general. These data are based on the revision of the related documents that were created in the planning region as well as the different views and opinions of the stakeholders in this sense. It is therefore very important to conduct a comparative study that can be applied to determine the relevant potentials through the prism of already established documents and through the prism of their assessment by applying modern methodology as a recommendation by the World Tourism Organization (WTO) which is in close cooperation with the United Nations Development organization for assistance and cooperation of the United Nations

Development Programmes (UNDP). The gained results will allow mapping of concrete locations and their zoning as a spatial-planning category with the possibility to determine future action plans in the context of using Factors, Attractors and Support services which are present in the planning region. In the Northeast planning region it is indicative that there exist potentials for the revival of rural tourism. That can be achieved through the established sites and buildings as the main incentive activity in the development of rural tourism. Furthermore, the region is characteristic for the basis for the development of rural tourism that could become a complementary and complex feature of the opportunities for developing other types of tourism such as transit, spa, hunting, fishing, cultural and business tourism.

## 1. ВОВЕД

Регистрирањето на туристичките вредности за развој на руралниот сектор претставува методолошка и истражувачка активност со која ќе се издиференцираат и ќе се структурираат карактеристиките на просторот во функција на поттикнување на овој вид на дејност и вкупните интер-регионални и меѓуопштински содржини кои можат да го унапредат развојот.

Развојот на руралниот туризам преку идентификацијата на потенцијалите ќе овозможи идни преземања кои ќе бидат во функција на користење на расположливите можности. Регистарот како инструмент има применлива функција бидејќи се базира на издржаност која е во согласност на Светската туристичка организација (WTO).  Тоа подразбира дека со динамиката која ја наметнува туризмот условува поттикнување на различни дејности во определена локална средина. Туризмот така добива улога на чинител на општествениот и економскиот развој, афирматор на вредностите на просторот, значаен фактор во заштитата и унапредувањето на животната средина и промотор на постоечките потенцијали. Овие активности се однесуваат на оспособување на локалните лидери и засегнати групи за идентификување, вреднување и креирање на политики кои ќе овозможат динамизирање на туристичките процеси во Североисточниот плански  регион

Овој пристап има позитивна поддршка во голем дел од окружувањето на Република Македонија, како на пример во Р. Србија, меѓутоа најрелевантно е дека применетата ФАС-методологија има широка препорака не само на просторот во кој веќе е реализирана, туку и надвор од неа. Изворното толкување на применливоста на ФАС-методологијата подразбира дека во различни средини и на различни потенцијали може да се проширува и доградува. Поради тоа, пристапот што се имаше со користењето на ФАС-методологијата како значајна методолошка категорија овозможи проширување на релевантните категории во согласност со специфичностите на Североисточниот плански регион (СИПР).

ФАС-методологијата овозможува поврзување на кабинетските или експертските сознанија, како форма на користење на секундарни извори со ставовите и мислењата на познавателите на приликите или засегнатите страни во оценувањето на содржинските елементи од Регистарот. Поради потребата од вакво усогласување, методолошкиот пристап подразбираше не само експертско толкување, лоцирање, класификација и мапирање на појавите и односите во функција на развој на руралниот туризам, туку и примарно истражување кое овозможува таксативно и недвосмислено утврдување на значењето на компонентите кои ги поседува Регистарот. Поради тоа од голема важност е студиозниот пристап од страна на експертската структура во откривањето на факторите, атракторите и поддршката и оценките кои ги даваат познавателите на приликите како вкрстен аналитички инструмент во регистрирањето на туристичките вредности за развој на руралниот туризам во Североисточниот плански регион.

## 2. ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ се имплементира од страна на УНДП во соработка со Министерството за локална самоуправа (МЛС). Главна цел на проектот е да му овозможи на МЛС, како координатор и надгледувач на прашањата поврзани со децентрализацијата и локалното владеење, да ги унапреди понатамошните напори во промовирање на локално владеење насочено кон граѓанинот, започнувајќи од мерење на задоволството на граѓаните до предлагање на конкретни мерки за подобро учество на локално ниво и подобар пристап до услуги.

Проектните интервенции директно ги поддржуваат сите 8 плански региони во Република Македонија во насока на остварување на поголемо ниво на инклузивност и компетитивност и се во согласност со напорите на Владата и Министерството за локална самоуправа да ги искористат потенцијалите на локалните и регионалните институции во остварување на осмислен и одржлив раст и развој на регионите во земјата.

Развивањето на Регистрите на потенцијали за рурален туризам се реализира во рамки на проектната компонента која се однесува на развојот и поддршката на руралниот туризам за заживување на економскиот развој и изнаоѓање на нови начини за развој на руралните општини, како и враќање на населението во селата. Оваа активност произлезе од потребата за дополнителна поддршка на дел од регионите, така што вакви регистри покрај за Вардарскиот плански регион се изготвија и за Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот плански регион.

## 3. МЕТОДОЛОШКИ АЛАТКИ И ПРИСТАП

Методологијата на изработка на Регистарот подразбираше примена на современите знаења во областа на руралниот туризам во светот и поедини држави како одржлива содржина. Во таа смисла посебно се значајни експертските мислења на ангажираните стручњаци од страна на УНДП. Нивната сугестија за примена на најрелевантните истражувачки пристапи овозможи не само да се прифатат, туку и да се прошират во насока на евидентирање на специфичностите што ги поседува планскиот регион.

Во реализацијата на истражувањето се креираше пристап кој овозможи истражувачите да предложат, а засегнатите страни самостојно да ги препознаат и искористат туристичките потенцијали во руралните средини. Со овој пристап се создадоа можности за вклучување на ресурсите во туристичката понуда и конкретните туристички производи. Придобивките се однесуваат не само во интензивирањето на развојот на планскиот регион туку и во неговата интерна и екстерна кооперативност и избалансиран социо-економски развој. Подготвеноста на лидерите и засегнатите страни да ги искористат вредностите ќе им овозможи успешен настап пред локалните, државните и меѓународните структури во искористување на предвидените стратешки можности. Теренското истражување опфати пополнување на структуриран прашалник. Прашалникот се темели на ФАС методологијата која се применува од Светската Туристичка Организација на ОН (UNWTO) со цел да се направи проценка на туристичките вредности во определен простор. Оваа методологија овозможува проценка на туристичките содржини идентификувани како „Фактори”, „Атрактори” и “Поддршка на услугите” (Factors, Attractors and Support Services - FAS) со што се објаснува дестинацијата како комплекс од интеракција на потсистеми во овие три области кои се меѓусебно поврзани.

Сите активности се реализирани во соработка со одговорните лица во Североисточниот плански регион, координаторот на проектот, општинските структури и засегнатите страни. Врз основа на ваквата структурална издржаност можеше да се дојде до релевантност на компонентите кои се составен дел на Регистарот. Во реализацијата на ваквите истражувачки активности посебно е важно да се истакне дека се одржани официјални три консултативни состаноци и поединечни консултативни состаноци со релевантните чинители на општините на Североисточниот плански регион. На консултативните состаноци учествуваа поголем број учесници кои дадоа свој придонес во изготвувањето на Регистарот.

За да можат да се прифатат стандардите кои се однесуваат на просторната евалуација на локалните средини и туристичките потенцијали овие резултати даваат насоки во функција на оптимално користење на просторот за рурално-туристички активности.

Предвидениот регистар се добива така што се применува методологија која опфаќа квантитативни и квалитативни аспекти. Размената на искуства и интерпретацијата на добиените резултати од истражувачкиот тим подлегнува на проверка преку организирање на работилници. Така се

воспоставува релација помеѓу ставовите и мислењата на засегнатите страни, познаватели на прилики и истражувачкиот тим. Под познаватели на прилики подразбираме најинволвирани субјекти во областа на можностите за развој на туризмот. Учесниците беа од повеќе области: раководителот на Центарот за развој на Североисточниот плански регион; лице именувано како координатор на проектот кое зад себе има активности сврзани со развојот на руралниот развој на СИПР;претставници од фондации за развој; претставници од бизнис секторот – даватели на производи и услуги од оваа сфера; угостители;претставници на ЛЕР-овите во СИПР; претставници на здруженија на невладиниот сектор од областа на заштита на животната средина, екологијата, правата на жените и слично; Асоцијации и комори на сточарството, унапредување на земјоделието и друго.

Ваквиот пристап придонесува да се структурира Регистар за потенцијали за рурален туризам во утврдените просторни целини.

## 4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е во согласност со утврдената методологија која подразбира две издвоени активности кои меѓусебно се компатибилни и кои овозможуваат добивање на релевантни резултати. Тоа значи дека во оваа смисла ќе се реализираат истражувања во рамките на кабинетскиот пристап и истражувања кои ќе имаат теренски карактер. Кабинетските истражувања имаат пред се квантитативни, додека теренските истражувања се со квалитативни карактеристики.

### 4.1 Реализација на кабинетското истражување и добиени резултати

Во рамките на методолошкиот пристап се воспоставија насоки во горенаведената смисла. Во тој поглед истражувачкиот тим презеде неколку значајни фази кои се дадени во продолжение.

### *4.1.1 Анализа на релевантна литература и извори на податоци.*

Анализата опфати проекти и стратешки документи во полза на проектот. Беа анализирани документи кои ја отсликуваат улогата и значењето на руралниот туризам во СИПР. Тие имаат различна природа, но во основа придонесуваат или пак имаат круцијална важност во утврдувањето на секоја зона или локалитет, како можност за развој на руралниот туризам. Овие документи се дадени во Анекс 1 на Регистарот.

### *4.1.2 Цели на кабинетското истражување*

Целта на кабинетското истражување е да ги опфати карактеристиките на појавите и односите во функција на развој на руралниот туризам кои се публикувани и кои како такви претставуваат дел од систематизираните показатели во Регистарот. Во таа смисла потребно е да се опфатат следниве категории:

- општи карактеристики на регионот и општините кои се составен административен дел;

- подготовка на водич за дефинирање на основите на руралниот туризам и

- креирање на матрици на индикатори и информации.

#### *4.1.2.1 Општи карактеристики на регионот и општините*

Североисточниот регион е еден од осумте статистички региони на Македонија. Тој се наоѓа во североисточниот дел на државата и се граничи со Скопскиот регион и со Источниот плански регион. Североисточниот плански регион го сочинуваат општините: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане. Носител на развојот на Североисточниот плански регион е Советот. Тоа претставува тело задолжено за усогласување и спроведување на политиките на планскиот регион. Во советот на Североисточниот плански регион учествуваат градоначалниците на општините.

Општина Куманово претставува административен центар на Планскиот регион. Тој ги опфаќа градот Куманово и селата: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Војновиќ, Габреш, Горно Коњаре, Градиште, Д'лга, Доброшане, Довезанце, Долно Коњаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечевце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Костурник, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш,

Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот (Кумановско), Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен

Општина Кратово зазема подрачје од 375,44 км2 .
Во состав на општината влегуваат и 30 села: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Димонце, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Којково, Коњух, Крилатица, Куклица, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Пендак, Приковци, Секулица, Страцин, Талашманце, Татомир, Тополовиќ, Трновац, Туралево, Филиповци, Шлегово и Шопско Рударе.

Општина Крива Паланка се протега на површина од 480,81 км$^2$ на која се наоѓаат повеќе населени места - градот Крива Паланка и селата Б’с, Баштево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Крива Паланка, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Т'лминци, Трново и Узем.

Општината Липково зафаќа површина од 267,82 км$^2$. Општина Липково се состои од 22 села:
Алашевце, Белановце, Ваксинце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор (Кумановско), Липково, Лојане, Матејче, Никуштак, Опае, Оризари (Кумановско), Отља, Р'нковце, Ропалце, Руница, Слупчане, Стража и Стрима.

Општина Ранковце претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места од кои 3 се рамничарски, 9 се од ридски тип и 6 се планински, зафаќа површина од 242,55 км$^2$. Општината Ранковце е поделена на 18 населени места: Баратлија, Ветуница, Вржогрнци,Герман, Гиновци, Гулинци, Криви Камен, Љубинци, Милутинце, Одрено, Опила, Отошница, П’клиште, Петралица, Псача, Радибуш, Ранковце, Станча.

Општината Старо Нагоричане опфаќа територија од 433,41 км$^2$. Во рамките на општината постојат 39 населени места и тоа: Алгуња, Аљинце, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Војник, Враготурце, Врачевце, Дејловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Дренок, Жегљане, Жељувино, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино, М'гленце, Макреш, Малотино, Младо Нагоричане, Никуљане, Облавце, Орах, Осиче, Пелинце, Пузајка, Рамно, Руѓинце, Старо Нагоричане, Степанце, Стрезовце, Стрновац, Цветишница, Цвиланце и Челопек.

### *4.1.2.2 Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам*

Водичот претставува задача во истражувачкиот процес и отсликува како да се димензионира активноста во добивањето на Регистарот. Тој всушност претставува составен дел на процесните активности во добивањето на Регистарот.

Врз основа на истражувачките активности се дојде до креирање на Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам во СИПР. Водичот ги опфаќа следниве компоненти:

- систематизирање на елементи на понудата која ја опфаќа инвентаризацијата и валоризацијата во функција на развој на руралниот туризам;
- спроведување на евалуација на туристичките потенцијали од страна на Центарот за развој на СИПР;
- за да може успешно да се согледа руралниот туризам како пазарна категорија треба да се согледаат компонентите на побарувачката, конкурентноста и пазарните трендови - дефинирање на основите на руралниот туризам во определен просторна целина врз основа на добиените параметри и вредностите кои ги поседува регионот.

Водичот опфаќа **м**одели на истражување кои се креирани во функција на собирање на сите релевантни информации во врска со туристичките потенцијали на руралните средини во планскиот регион. Тоа вклучува:

- прибирање податоци од постојната статистика поврзана со туризмот во руралните општини и руралните средини на урбани општини;
- информации во врска со туристичките потенцијали на руралните области од релевантни емпириски истражувања, студии за валоризација на културното и природното богатство, национални и локални стратегии, планови и програми кои се однесуваат на општите и посебните развојни карактеристики на туризмот, како и управување со заштитените подрачја и
- туристички водичи, промотивни брошури и различни мапи.

*4.1.2.3 Креирање на матрици на индикатори и информации*

Во насока на добивање на релевантни индикатори и информации и нивна туристичка валоризација во функција на развој на руралниот туризам креиравме матрици. Матриците се однесуваат на вредности кои се добиваат преку истражувачки активности во кабинетскиот и теренскиот дел. Секоја поединечна матрица овозможува вкрстување на вредностите на индикаторите. Добиените податоци овозможија да се креира база на информации и индикатори кои ќе послужат во оформување на Регистарот на потенцијали за рурален туризам во руралните општини и руралните области на урбаните општини. При тоа во креирање на моделите на истражување применети се и искуствата и упатствата од Leader II Водичот за проценка на туристичките потенцијали – Врски меѓу активности за развој на рурални економии (Evaluating a territory’s touristic potentials: Links

between actions for the development of rural economy Leader European Observatory) и Европскиот прирачник за туристички индикатори за одржливи дестинации (European Tourism Indicator System Toolkit for Sustainable Destinations).
Квантитативното истражување се заснова на креирани матрици за оценување на туристичките потенцијали врз основа на анализа на :

- туристичката понуда;
- туристичката побарувачка;
- конкурентноста и
- пазарните трендови

Туристичката понуда ги опфаќа туристичките потенцијали во определена рурална средина која подразбира анализа на постојната туристичка состојба и дијагноза која преку споредување на резултатите од тековната ситуација ќе овозможи идентификување на просторните карактеристики во позитивна и негативна смисла.

Анализата на бројот на посетители, искористеност на поедини видови сместувачки капацитети, реализираните ноќевања, регионална дистрибуција на побарувачката и структурата на странски посетители според земја на припадност претставува основа за идентификување на туристичката побарувачка во регионите што се истражуваат.

Сознанијата што ќе се добијат преку истражување на конкуренцијата на регионите и општините ќе придонесат да се осознаат можностите за искористување на конкурентските предности на регионите што се истражуваат, но и да се искористат постојните на конкурентните региони со што се отвораат можности за креирање на заеднички туристички производи.

Пазарните трендови како дел од матрицата овозможуваат чинителите на развојните политики да ги имаат во предвид при креирањето на конкретни туристички производи.

**4.2 Приказ на вредностите на матрицата од кабинетското истражување**

Кабинетското истражување овозможи да се добијат резултати кои се однесуваат на карактеристиките на туристичката понуда, туристичката побарувачка, конкурентноста и пазарните трендови во СИПР. Со анализата на резултатите се дојде до формирање на евидентна листа на вредности кои овозможуваат согледување на можностите за развој на рурален туризам во СИПР.

### *4.2.1 Евидентната листа на туристичката понуда ги опфаќа следниве компоненти:*

- животната средина,
- населението, економската активност, производството и услугите;
- пристапот, транспортот и патувањата;
- културата и културните активности;
- рекреацијата и спортот;
- сместување, ресторани и
- настани(односно саеми, конгреси и конференции ).

Тие се дадени низ табеларни прикази  во кои се опфатени областите на истражување, индикаторите, параметрите и информациите, описот и можностите за користење во развојот на руралниот туризам и изворот на податоци.

#### *4.2.1.1 Животна средина*

Животната средина е регистрирана низ призма на определување на индикаторите и параметрите кои опфаќаат територијалност и лоцираност вредностите на туристичко-географската положба, релјефните, хидрографските и биогеографските карактеристики, начин на користење на земјиштето, заштитени зони како туристичка вредност и растителниот и животинскиот свет. Овие вредности се дадени преку можностите за користење во руралниот туризам, и поттикнување на вкупниот развој. Приказот е даден табеларно во продолжение.

**Табела 1: Регистар на компонентите на животната средина во СИПР**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори,параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извор на податоци |
|---|---|---|---|
| **Површина на територијата (ха/км)** | Вкупна површина на регионот: 2.310 $km^2$<br>Општини кои припаѓаат на регионот:<br>- Куманово – 509 $км^2$<br>- Липково – 273 $км^2$<br>- Кратово – 375 $км^2$<br>- Крива Паланка – 470 $км^2$<br>- Ранковце – 241 $км^2$<br>- Старо Нагоричане 432 $км^2$ | - Територија на планскиот регион изнесува 9,3% од територијата на РМ.<br>- Во рамките на овој регион општините Липково, Ранковце и Старо Нагоричане се сметаат за рурални општини чија вкупна површина изнесува 946 $км^2$ или 40,9% од вкупната територија на регионот. | - Центар за развој на Североисточниот плански регион<br>- Стратешки план за развој на туризмот во СИПР 2011-2016<br>- Географска карта на РМ |
| **ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА** | Помеѓу $42^0 3'$ и $42^0 22'$ СГШ<br>Помеѓу $21^0 30'$ и $22^0 30'$ ИГД | Регионот се наоѓа во простор кој на меѓународен план се граничи со Бугарија, Србија и Косово.<br>- Гранична поврзаност со Скопскиот, Вардарскиот и Источниот плански регион. | Географска карта на РМ |
| **Контактност** | -Србија<br>-Косово,<br>-Бугарија | - Во Бугарија контактибилен простор е Ќустендилскиот округ или потесно општината Ќустендил<br>-Во Србија контактибилен простор е Пчињскиот округ (Општина Прешево, Бујановац, Трговиште и општина Босилеград)<br>- Во Косово контактибилен простор е Гњилански округ (Општина Витина и општина Гњилане) | Центар за развој на Североисточниот плански регион |
| Гранични премини | Деве Баир, Табановце, Пелинце и Сопот | - Деве Баир: (Ѓуешево) контактибилност преку Бистрица кон Ќустендил и внатрешноста на Бугарија<br>-Пелинце: отвореност кон Пчинскиот рурален простор во Србија<br>-Табановце: отвореност кон главната | Географска карта на РМ<br>Туристичка географија на Македонија, Проф. Д-р Науме Мариноски, ФТУ-Охрид, 2008 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | патна артерија на Коридорот 10<br>- Сопот контролиран патен промет на стариот пат Куманово-Бујановац | |
| Туристички вредности на планските региони со кои се граничи (заеднички вредности) | - Скопски Регион<br>- Источен Регион<br>Верски објекти<br>Културно-историски споменици<br>Река Пчиња<br>Комплекс Пониква<br>Кумановска Бања<br>Катлановска Бања | Присуството на хетерогени содржини во граничните плански региони претставува основа за збогатена понуда во функција на рурален туристички развој | Туристичка географија на Македонија, Проф. Д-р Науме Мариноски, ФТУ-Охрид, 2008<br>Стратешки план за развој на туризмот во СИПР |
| **Транзитност** | - Меѓународен коридор 10 – Е75<br>- Меѓународен коридор 8 Е-871<br>Положбата на овој регион е на крстосницата на главните сообраќајни артерии на Република Македонија. Североисточен плански регион се наоѓа на крстосница на коридорот 8 и 10 односно Автопат Е75(Табановце-Гевгелија) и Е871(Куманово Деве Баир). | Ваквата положба отвора можности за надоврзување на руралните средини на транзитната туристичка понуда | Географска карта на РМ |
| Локалитети за транзитно-туристички активности | Е-75<br>- Табановце – црква Св. Петка<br>- Бензинска пумпа „Мак-Бенц“<br>- с. Костурник<br>- Р-1104 с. Горно Којнаре – црква Св. Богородица<br>- Бензинска пумпа „Детоил“<br>- Хотел – ресторан „Хармонија“<br>- с. Долно Којнаре – Бензинска пумпа<br>- с. Долно Којнаре - Куманово спортски аеродром „Аџи Тепе“<br>- сите туристички потенцијали кои се | Присуството на овие локалитети кои се наоѓаат на главните патни правци овозможува обезбедување подобри услуги и во руралниот сектор во комбинација со транзитноста | Географска карта на РМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наоѓаат во Куманово<br>- с. Романовце – Бензинска пумпа „Макпетрол“<br>- Агино село – Црква Св. Богородица<br>- Агино село – Црква Св. Илија<br>- с. Дељадровци – црква<br><br>Е-871<br>- с.Жидилово – ресторан „Да-Бо“ и рибен ресторан „Езерце“ - општина Крива Паланка<br>- с. Пашина Воденица - општина Крива Паланка<br>- Бабин Дол – Манастир Св. Јоаким Осоговски - општина Крива Паланка<br>- Месност Калин Камен – општина Крива Паланка<br>- сите туристички потенцијали кои се наоѓаат во Крива Паланка<br>- с. Конопница, с. Мартиница, с. Т’лминци и с. Псача општина Крива Паланка<br>- рекреативна зона Парк Гиновци - општина Ранковце<br>- с. Гиновци, с. Одрено, с. Ранковце и с. Ветуница – општина Ранковце<br>- с. Страцин, с. Куклица – општина Кратово<br>- с. Ругинце, с. Облавце (црква Св. Никола), с. Стрезовце (црква Св. Никола), с. Војник, с. Макреш, с. М. Трендајловци (ресторан „Етно-село“), с. Младо Нагоричане (црква Богородица), с. Старо Нагоричане – општина Старо Нагоричане | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - бензинска пумпа „Детоил“ - општина Старо Нагоричане<br>- с. Карпош – општина Куманово | | |
| **Поливалентност** | - Бугарија Општина Ќустендил – 50.342 жители како потенцијал за производство на овошје и потенцијал за бањски туризам со околу 40 минерални извори<br>-Србија: Општина Прешево, Бујановац, Трговиште и Босилеград.<br>- Косово, Гњилане, Ново Брдо<br><br>Верски тури<br>Во Македонија Контактноста на регионите овозможува подобра етничка и конфесионална поврзаност и посета на роднини и пријатели<br>Фарма на коњи - Источен регион Косово<br>Бачила - Источен плански регион<br>Хиподром- Скопски регион<br>Дружење со животни - Источен и Јужен регион на Србија | -Поливалентноста претставува можност за комбинација на туристичките вредности кои ги поседува СИПР со вредности кои ги нема а се наоѓаат во соседните држави (комбинација на сопствените вредности со вредностите во другите региони за рурален туризам.<br>-Прекугранични културни манифестации и културно – уметнички друштва (Косово, Србија и Бугарија)<br>- ловни и риболовни активности<br>- адреналински активности<br>- Манастир Прохор Пчињски (Општина Трговиште)<br>- Рилски Манастир (Област Ќустендил) | Информации од веб официјални страни за регионите во соседните држави |
| **РЕЛЈЕФ (ГЕОМОРФОЛОШКИ ВРЕДНОСТИ)** | Сложена релјефна конфигурација | Релјефните форми кои се објаснети во овој дел можат да се вклучат во креирање на туристичка понуда како значајна основа за рурален туризам во СИПР. | Географска Карта, Географски библиографски изданија (пример: Туристичка географија на РМ), Министерство за животна средина и просторно планирање (http://www.moepp.gov.mk/), Спелеолошки друштва на РМ |
| **Главни планини** | - Осоговски Планини<br>- Козјак<br>- Герман<br>- Планина Билино<br>Најповолни услови за скијачки | Поволните услови за скијачки активности се основа за комбинирани содржини на престој во руралните средини | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | туристички активности постојат на Осоговските Планини.<br>Најповолни просторни услови се наоѓаат околу Царев Врв, односно кај Калин Камен | | |
| највисок врв | - Руен – 2252 м (Осоговски Планини)<br>- Перен – 1326 м (Козјак)<br>- Модра Глава – 1390 м (Герман)<br>- Стража - 1547 м (Билино) | Можности за лоцирање на видиковци и алпинизам | Географска Карта, Географски библиографски изданија |
| просечна надморска височина | - 1326 м (Осоговски Планини)<br>- 680 м (Козјак)<br>- 860 м (Герман)<br>- 974 м (Билино) | Можности за локации за пикник | Од карта се зема најниска и највисока изохипса |
| денивелација (разлика помеѓу највисоката точка и најниската точка на скијачките патеки) | - 2750 м. (Осоговски Планини) | Ова е вкупна денивелација на планината што подразбира меѓурегионална вредност на СИПР со ИПР | Од документи и географска карта |
| **Котлини** | - Кумановска Котлина (со помали зарамнини: Жеглигово на запад, Средорек со Страцин на исток и Црно Поле, Нагоричанска зарамнина, Врело Поле и Рудо Поле)<br>- Славиште (Славишка котлина), | Котлините се погодни за земјоделски активности и основа за развој на рурален туризам | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| Површина и надморска висина | Кумановска Котлина<br>(66 км$^2$припаѓаат на Р Србија)<br>- 330 мнв<br>- 1290 км$^2$ површина<br><br>Котлина Славиште<br>- 400 мнв<br>- 320 км$^2$ | Површините и надморската височина ги задоволуваат критериумите за развој на рурален туризам | географска карта |
| **Клисури и кањони** | - Бислимска Клисура<br>Всечена е во варовнички карпи со јурска старост. Има стрмни страни, на одредени места речиси вертикални, | Можности за едукативни активности, искачување на карпи. | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | така што на некои места наликува на кањон. Во клисурата се наоѓаат десетина пештери и пропасти, долги до 90 м.<br>- Клисура на Злетовска Река (долга 10 км, длабока 300-400 м)<br>-Клисура на Липковска со Гошинска Река | | |
| **Пештери** | - Дуемички Пештер<br>- Студен Пештер<br>- Орловац<br>- Лишков Пештер<br>- Маркова Куќа<br>Најдолга пештера е Студен Пештер (90 м), а најдлабока пропаст е Маркова Куќа, длабока околу 40 м. Со својот пештерски накит, најинтересна е Лишков Пештер, во јужниот дел на клисурата (2 км спротиводно од с. Пчиња). Покрај пештерите и пропастите, овде релјефот е многу интересен, со бројни шкрапи, вртачи, суводолици, раседи и сл. | Долги до 100 м. (сите пештери), некои исполнети со пештерни накити сталактити и сталагмити, посебно Лишков Пештер, алпинизам, спелеолошки посети, рекреативно планинарење, едукативни активности | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| **Вулкански форми** | - Куклица<br>-Цоцев Камен (с. Шопско Рударе)<br>- Базалтни плочи (8 возвишенија)<br>Костоперска Карпа или Жеглиговски Камен— импозантна базалтна карпа од вулканско потекло во околината на Младо Нагоричане, Кумановско на која постоела населба уште од бакарното време (IV-III милениум п.н.е.). Сместена на самата висорамнина на карпата, на 9 км источно од Куманово. Во минатото | -можности за едукативни активности | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | тука постоеле околу 40 цркви, од кои денес се останати неколку. Поради тоа месноста била нарекувана Мала Света Гора. | | |
| **ХИДРОГРАФИЈА** | | | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| Извори | -термоминерални води Стрновац (40°C штедрост 35л/сек<br><br>- минерален извор Визијана кај с. Клечковце (богата со магнезиум)<br>- Вруќа Вода – с. Тополовиќ, Кратовско(48°C штедрост 12 л/сек)<br>- минерални извори кај с. Липково, кај с. Шупли камен | -Топлината на водата на изворите претставува потенцијал за бањски туристички активности, одгледување на раноградинарски производи и загревање на капацитети<br>Минералниот извор Визијана според количеството на магнезиум спаѓа меѓу најбогатите на Балканскиот Полуостров. Тоа дава можности за користење во здравствени цели. | |
| Реки | - Злетовска Река<br>- Липовска Река<br>- Гошинска Река<br>- Кумановска Река<br>- Пчиња<br>- Крива Река<br>- Табановачка Река<br>- Стоечка Река<br>- Моштеничка Река<br>- Тораничка Река<br>- Дубровничка Река<br>- Матејчка Река<br>- Отљанска Река<br>- Слупчанска Река<br>- Лојанска Река<br>- Река Серава<br>- Дурачка Река<br>- Река Бистрица | Можности за изградба на брани, рибници, развој на спортски риболов и мини-хидроцентрали | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водопади | - Станечки водопад на Козја река, притока на Дурачка река(висок 12м)<br>- Јамишки водопад на Злетовска река (висок 8 м)<br>- Слапови и водопади на Радибушка река( висина 5-6 м)<br>- 7 водопади на Кратовска река (висина 2-6 м)<br>- 4 водопади на Бабакарина река (висина 14 м)<br>- Водопад Длабочица (на река Бистрица, висок 6 метри) (со рибници)кај Старо Нагоричане | Можности за рекреативни и излетнички активности, едукативни посети и егзотични доживувања | |
| Бањи | - Кумановска Бања – с. Проевци (температура на водата28°C – 31°C) | - можности за бањски туризам и пласман на туристички производи со рекреативни, здравствени и излетнички содржини | |
| Езера | - 2 мали козјачки езера (природни езера длабоки до 1 м) кај манастир Карпино<br>- Липковско Езеро<br>- Езеро Глажња<br>- Кнежевско Езеро<br>- Акумулација Безјачко Брдо<br>- Езеро Калин Камен (Кр. Паланка), Хидрографски систем Злетовица<br>- микроакумулација на Гулинска Река, с. Отошница<br>- микроакумулации кај с. Гиновце (рибник) | - можности за риболовни активности, рекреативни содржини, пешачки тури и креирање пешачки патеки | |
| **НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ (% ИЛИ ХА)** | Хетероген структура на земјиштето<br>Слободна економска зона Речица<br>Слободна економска зона Ранковце<br>Технолошко индустриска развојна зона Кратово к.о. Туралево | Искористеност на земјиштето за различни стопански и нестопански активности во функција на рурален туризам во регионот. | Документи од Локална самоуправа Центар за регионален развој Сектор за урбанизам во локална самоуправа, Шумско стопанство, Државен Завод за статистика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Шуми % | 21,34 % покриена под шуми од вкупната површина на регионот<br>- 5,01 % од вкупната шумска површина на РМ, што изнесува околу 49.295 ha | Планирани вкупни површини за пошумување до 2020 г. – 11.800 ha | ПРЕДЛОГ СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019 |
| **Заштитени зони и природни локалитети со посебна важност** во % од вкупната површина **%** | 1. Плоче-литотегми (Строг природен резерват-50 ha) 0,02 %<br><br>2. Базалтни плочи-Мл. Нагоричане (Споменик на природата-подрачје со посебни вредности – 120 ha ) 0,05 %<br><br>3. Куклица (камени кукли, вулкански форми како плод на селективна ерозија – 30 ha) 0,01%<br><br>4.Бор-Кратово (Споменик на природата – 10 ha) 0,004%<br><br>5. Карши бавчи (Споменик на природата – 10 ha) 0,004% | 1. Од локалитетот се протега многу добар видик кон Средорек на запад и кон Славиште на исток. Можности за набљудување, едукација, пешачење, фотографирање. За строг природен резерват прогласен со закон во 2003 година<br>2. Локалитетот се наоѓа на околу 10 км североисточно од Куманово, крај магистралниот пат за Крива Паланка. Можности за набљудување, едукација, пешачење, фотографирање.<br>3.Интересна и уникатна појава, дел од столбовите се така оформени што наликуваат на човечки фигури, заради што појавата од локалното население е наречена „Весела свадба“.Можности за набљудување, едукација, пешачење, фотографирање. За споменик на природата се прогласени со закон во 2008 година.<br>4. Борови посадени во 1354, уште од 1967 биле заштитени. Можности за набљудување, едукација, фотографирање.<br>5. Градски парк во Кратово, кој е карактеристичен по двата преостанати (од некогашните 3 или 4) | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 6. Даб-Орашац (Споменик на природата – 10 ha) 0,004%<br><br>Вкупна површина заштитени простори – 0,093 % | бора со многу голема старост, како и по карпите во близина. Овој парк е заштитен уште во 1967 година. Можности за набљудување, рекреација, пешачење, фотографирање.<br>6. Дабови во близина на с. Орашац, многу стари и сочувани. Заштитени уште во 1967 година. Можности за набљудување, едукација, пешачење, фотографирање. | |
| **Обработливо земјиште, како:**<br><br>• Земјоделско земјиште %<br><br>• Пасишта % | ➢ вкупна површина на земјоделски површини 146.346 ha<br><br>• Обработлива земјоделска површина 46%<br><br>- под ораници и бавчи 76.08 %<br>- овоштарници –1.54 %<br>- лозја –- 2.30 %<br>- ливади - 11.49 %<br><br>• Пасишта – 54%<br><br>- високопланински продуктивни пасишта –8.56 %<br>Североисточниот регион е еден од најмалите по површина и зафаќа 9,3 од вкупната територија на Република Македонија. Природните услови и ресурси на Североисточниот регион нудат потенцијал за развој и унапредување на сточарството и развој на млечната и месна | Поволната структура овозможува услови за вклучување во рурално-туристички активности | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ<br><br>Документи од Локална самоуправа Програма за развој на СИПР (2015-2020) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | индустрија.<br>Вкупно има 172 225 хектари земјоделско земјиште<br>93 391 хектари се пасишта | | |
| Вегетација | - 1300 растителни видови на виши растенија (90 фамилии и преку 410 рода)<br>- 70 флорни елементи кои можат да се сместат во 9 групи: бореални, средноевропски, субмедитерански, понтско-централноазиски, евроазиски, космополити, адвентивни видови, ендемити и реликти<br>- 63 видови ендемични растенија | Можности за развој на хербален туризам, едукативни активности и истражувачки активности. | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| **ЖИВОТИНСКИ СВЕТ** | | | СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| Сточен фонд | - 30.165 говеда<br>- 17.076 стелни јуници молзни крави<br>- 75.980 овци<br>- 37.182 грла свињи | услови за вклучување во рурално-туристички активности преку фарми и агротуризам | |
| Ловен фонд | Од вкупно 27 ловишта во регионот, 20 се за ситен, а 7 за крупен дивеч.<br>Крупен дивеч<br>- „Герман“ – Ранковци<br>- „Борово“ – Кр. Паланка<br>- „Луке“ – Кр. Паланка<br>- „Руен“– Кр. Паланка<br>- „Стрима“ – Липково<br>- „Думановце“ – Липково<br>- „Козјак“ – Куманово и Старо Нагоричане<br>- Длабочица - Старо Нагоричане<br>Цветишница - Старо Нагоричане | Можности за развој на ловен туризам и користење на гастрономски специјалитети | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Трново - Крива Паланка | | |
| Риболовен фонд | - 16 домаќинства поседуваат рибници (6 Крива Паланка, 4 Липково, 3 Ранковце, 1 Куманово, 1 Кратово, 1 Старо Нагоричане,<br>- вкупна површина 0,59 ha<br>- 4 риболовни ревири (Куманово, Кр. Паланка, Кратово, Старо Нагоричане) | Можности за развој на риболовен туризам и користење на гастрономски специјалитети | |

### *4.2.1.2 Население, економска активност, производство и услуги*

Населението претставува еден од основните ресурси во развојот на руралниот туризам и затоа е многу важно да се опфатат демографските параметри и нивното влијание врз руралниот туризам. Во оваа смисла како важни индикатори се опфатени вкупните популациони карактеристики, структурата по пол, со оглед на тоа дека во руралниот туризам посебно место зазема женската популација, нивото на вработеност бидејќи развојот на руралниот туризам треба да претставува сектор за активирање на недоволно ангажираната работна сила и објектите како расположливи капацитети на населението во руралната средина бидејќи нивната намена и пренамена можат да бидат од круцијална важност.

**Табела 2: Население, економска активност, производство и услуги**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори, параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извор на податоци |
|---|---|---|---|
| **ПОПУЛАЦИЈА** | | Карактеристики на населението по општини во регионот според возраст, | Државен завод за статистика , Центар за развој на СИПР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | вработеност по сектори и школска подготовка | Регионите во Република Македонија, 2015(Статистички Завод на РМ) |
| **Број на жители (2014 год)** | 176 018 | | |
| **Работоспособно население според економска активност** | 140 454 | Најниска стапка на вработеност во 2014 година има Североисточниот регион со што се отвораат можности за нејзино зголемување преку различни рурални туристички активности. | |
| • ***Активно население вкупно ( Стапка на активност )***<br>• ***(Стапка на вработеност)*** | 54.2%<br><br>30.3% | Присутна е релативно висока стапка на активно население што е позитивен индикатор за негова вклученост во активности за рурален туризам | |
| ***Невработени по пол (Стапка на невработеност)***<br>• Жени<br>• Мажи<br>***Урбан дел***<br>• Мажи<br>• Жени<br>***Рурален дел***<br>• Мажи<br>• Жени | 44%<br><br>48.8%<br>41.2%<br>39.“%<br>35.3<br>45.1<br>52.2%<br>40.8%<br>58.3% | Присутна е повисока стапка на невработеност кај руралното население што отвора можности за вклучување во рурално-туристички активности, посебно кај женската популација | |
| ***Неактивно население вкупно:*** | 45.8 | | |
| **ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ И ОДДЕЛИ НА ДЕЈНОСТ** | | | |
| **Вкупно:** | 30 487 | | |
| **Потсектор** | | | |
| ***Земјоделство, шумарство и рибарство***<br>• Растително и животинско | 2 383<br>7,8% учество во вкупната работна сила во сектори и оддели на дејност. | Иако 40,9% од вкупната територија на регионот припаѓа на рурални општини / средини, евидентно е малото | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| производство, лов и услужни дејности поврзани со нив<br>• Шумарство и искористување на шуми<br>• Рибарство и аквакултура | | учество на вработени во земјоделство, шумарство и рибарство кои сектори претставуваат голема можност за вработување/самовработување и обезбедување приходи во функција на рурален туристички развој. | |
| **ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА** | 582 | | Локална самоуправа |
| Објекти за сместување во рурални средини | Манастирски конаци, Мотел со 16 легла (Зона Калин Камен)<br>"Етно Село" -ресторан и хотел со 35 соби (Зона Старо Нагоричане)<br>Меморијален Центар АСНОМ (Пелинце) –ресторан, сместување<br>Тренинг Центар за млади со 10 соби (Старо Нагоричане)<br>Куклица Етно-ресторан и 6 соби (село Куклица, Кратово) | | Познаватели на прилики |
| **ВРАБОТЕНИ ВО ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР** | | | |
| Угостителство | 643 | | |
| Сместување во домаќинства | 3 апартмани (Зона Калин Камен)<br>10 соби (Кратово) | | |
| **СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ** | 44%<br>Споредено со останатите региони во РМ, овој регион има највисока стапка на невработеност. Најниска стапка на невработеност од 18.7% има Пелагонискиот регион. | Руралниот туризам дава одлични можности за намалување на високата стапка на невработеност | Државен завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/), Агенција за вработување од општините во регионот, Агенција за вработување на РМ (http://www.avrm.gov.mk/), Центри за развој на планскиот регион |

*4.2.1.3 Пристап, транспорт, патувања*

Пристапот, транспортот и патувањата се параметри кои ги опфаќа современата методологија на третман на развојот на руралниот сектор. Поради тоа тие имаат значење не само за руралниот туризам, туку и за комплементарните форми на туристички развој. Во тој поглед круцијална важност има патната мрежа и можноста за користење на главните патишта со локалната патна мрежа и можностите за користење на недоволно искористените патишта за трасирање на линии од рурален карактер (пешачки патеки, велосипедизам и слично). Нивното значење е лоцирано во описот на можностите за користење во руралниот туризам.

**Табела 3: Пристап, транспорт, патувања**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори, параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извор на податоци |
|---|---|---|---|
| **ПАТНА МРЕЖА** | Постојна сообраќајна мрежа во регионот во функција на рурален туризам | | Локална самоуправа - Сектор за сообраќај, Министерство за транспорт и врски , СГМ,2015 |
| Поврзаност на главните патишта (регионални и магистрални ( км) | -локални патишта кои Куманово го поврзуваат со околината се: патот кон Скопска Црна Гора (Куманово - Матејче), патот кон селата Бајловце, Клечовце, Пчиња, Орашац и други рурални простори. | Ваквата поврзаност обезбедува подобри комуникациски услови во руралните средини во функција на рурален туристички развој | |
| Локална патна мрежа (км) | 1 056 km | Структурата на патиштата е поволна за рурален туристички развој | Регионите во РМ (Публикација на ДЗС, 2015) |
| **СОСТОЈБА НА ПАТИШТАТА 2014 година** | | | Државен Завод за статистика (makstat.stat.gov.mk) |
| **Должина во километри** | 1 056 | Структурата на патиштата е поволна за рурален туристички развој | |
| Асфалтен пат | 477 | | |
| Макадам | 100 | | |
| Земјен | 364 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Непросечени (нерегулирани) | 115 | | |

*4.2.1.4 Култура, културни активности*

Културата и културните активности во развојот на руралниот туризам имаат двојно значење бидејќи може да претставуваат парадигматична категорија и може да имаат комплементарна улога. Поради тоа не се опфатени само културните локалитети и објекти во тесно определените рурални зони, туку и оние во поширокиот простор кој гравитационо може да комуницира со центрите за развој на руралниот туризам определени како полови на развојот. Во тие рамки се опфатени урбанизмот и архитектурата, културните атракции, сакралната и профаната архитектура, археолошките локалитети и музеи, културните манифестации, етнологијата и амбиенталните карактеристики. Посебно место во оваа смисла заземаат програмите за рурален за развој и за заштита на културата.

**Табела 4: Култура, културни активности**

| **ОБЛАСТ на истражување** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извор на податоци** |
|---|---|---|---|
| **УРБАНИЗАМ И АРХИТЕКТУРА** | Постојни урбанистички решенија и културни содржини кои можат да се вклучат во туристичката понуда на | | Локална самоуправа,<br>НУ Завод и музеј<br>Историски, архитектонски и културни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | руралните средини од регионот | | библиографски изданија,<br>СТУДИЈА ЗА ОПТИМАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА СИПР ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ |
| Интеграцијана постојната архитектура во пејзажот | - Кратово | Кратово е интегрирано во долинскиот простор со приспособена архитектура на конфигурацијата на теренот | |
| ***Содржинска структура на архитектурата*** | | | |
| Староградски комплекси (број и име) | - Кратово | - Град со типична староградска македонска архитектура и е познат по своите кули и мостови. Доминантни материјали се каменот, дрвото и плитарот. Можности за викенд туризам, излетнички, културен, рекреативен. | |
| Комплекси во рурални средини (број и име) | 1. Липково<br><br>2. Старо Нагоричане<br><br>3. Ранковце | 1. Селата во западниот дел од регионот кои гравитираат административно кон општината Липково претежно се населени со албански етнос, од збиен тип, со куќи за живеење и стопански објекти.<br>2. Селата кои гравитираат во состав на општината Старо Нагоричане се во најголем дел од разбиен тип, поделени по маала на поедини родови по кои се наречени. Има два вида на куќи, и тоа: приземна куќа и куќа на кат со големи и отворени стопански дворови со објекти за чување храна и домашни животни. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 3. Руралната архитектура е подредена на потребите на населението. Освен куќи за живеење, градени се и стопански објекти во дворовите (амбари од плетер,<br>штали и други објекти за чување на летнина и животни).<br><br>Разновидноста на типот на селата овозможува хетерогена содржина атрактивна за рурални туристички активности. | |
| **КУЛТУРНИ АТРАКЦИИ** | Значајни атракции во руралните средини за развој на туризмот | | Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, Локална самоуправа |
| **Сакрална архитектура (број и име)** | 1. Црква Св. Богородица, Манастир Матејче (општина Липково)<br>2. Св. Никола (општина Куманово)<br>3. Црква Св. Троица (општина Куманово)<br>4. Џамија Татар Саид бег (општина Куманово)<br>5. Црква Св. Петка (општина Старо Нагоричане)<br>6. Св. Ѓорѓи Победоносец (општина Старо Нагоричане)<br>7. Црква Св. Ѓорѓи (општина Старо Нагоричане)<br>8. Манастир Забел (општина Старо Нагоричане)<br>9. Св. Никола (општина Ранковце)<br>10. Манастир Св. Јоаким | Бројната сакрална архитектура во овој регион, особено во руралните средни, претставува значајна основа за збогатена понуда за руралниот туризам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Осоговски (општина Крива Паланка)<br>11. Црква Свети Димитрија (општина Крива Паланка)<br>12. Карпински манастир (општина Старо Нагоричане)<br>13. Манастир Скачковце (општина Куманово)<br>14. Цркви Свети Јован Крстител, Свети Никола и Свети Ѓорѓи Кратовски | | |
| **Профана архитектура** | | | |
| Споменици | 1.Резерват за карпеста уметност (општина Кратово – с.Трновац)<br><br>2. Спомен - костурница на паднатите борци од НОВ (општина Куманово - Куманово)<br><br>3. Спомен куќа на паднатиот херој Христијан Тодоровски – Карпош (општина Куманово)<br><br>4. Споменик Зебрњак (општина Старо Нагоричане – с. Младо Нагоричане)<br><br>5. Меморијален центар – АСНОМ (општина Старо Нагоричане – с.Пелинце)<br>6. Споменик на паднати борци (Арбанашко)<br>7.Споменик на паднати борци од НОБ Крива Паланка | 1. Резерватот за карпеста уметност е дом на голем број гравури кои зборуваат за долгата историја на живот и писменост. Со својата раритетност и уникатност предизвикуваат голем интерес кај јавноста.<br><br>2.Комплекс од објекти како уметничко амбиентално решение со скулптура и релјефи во бронза. Изработени се од хрватскиот скулптор Коста Ангели Радовани<br><br>3. Објект подигнат во чест на паднатиот херој од Куманово - Христијан Тодоровски – Карпош<br><br>4. Подигнат е во чест на жртвите од Првата Балканска Војна загинати на оваа место во познатата Кумановска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 8. Средновековните кули во Кратово | битка во 1912 година. Споменикот е дело на архитектот Момир Котуновиќ и е изграден 1937 година<br><br>5. Природен и автентично уреден зелен простор покрај реката Пчиња со сите туристички содржини. Во него се наоѓа и меморијалниот комплекс со постојана историска поставка од Првото заседание на АСНОМ. Поставката е уредена амбиентално и автентично.<br><br>6,7 Објекти кои се од меморијално значење и можност за привлекување на посетители<br>8. Во минатото постоеле 13 кули изградени во втората половина на 14 век, од кои денес се преостанати 6 кули поврзани со подземни тајни ходници. Три од нив се адаптирани за посета со постојана изложбена поставка | |
| Археолошки локалитети | 1. Ранохристијанска базилика - Ротонда Коњух (општина Кратово – с. Коњух)<br><br>2. Археолошки Локалитет „Голема Кулица" (општина Куманово)<br><br>3. Археолошки локалитет „Калиште" (општина Куманово)<br><br>4. Археолошки локалитет „Градишки | Можности за креирање регионални археолошки патеки, едукативни посети, екскурзии | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | В’р” (општина Куманово)<br><br>5. Археолошки локалитет „Вукосија” (општина Куманово)<br><br>6. Археолошки локалитет „Жеглиговски Камен” –„Костоперска Карпа” (општина Старо Нагоричане)<br><br>7. Археолошки локалитет и Мегалитска опсерваторија „Татиќев Камен” (општина Старо Нагоричане – с.Кокино)<br><br>8. Археолошки локалитет „Големо Градиште” (општина Кратово)<br><br>9.  Археолошки локалитет „Цоцев Камен”(општина Кратово)<br><br>10.  Археолошки локалитет „Кула”, “Здравчи Камен” (општина Кратово)<br><br>11. Археолошки локалитет „Градиште” (општина Ранковце – с.Огила) | | |
| **Музеи** | 1. Национална установа Музеј „Куманово”<br><br>2. Музеј на град Кратово | 1. Музејска зграда со административен дел и стар музејски објект каде во дворот амбиентално е сместен лапидариумот и постојаната музејска поставка со експонати од збирките на музејот.<br><br>2.  Се наоѓа во центарот на градот во реконструирана и конзервирана стара господска куќа т.н. Сарај куќа | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | <br><br><br><br>3.Галерија на икони (црква Св. Никола - Куманово)<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>4. Градски музеј Крива Паланка | . Во музејот има збирка на музејски експонати од нумизматика, историја и етнологија.<br><br>3. Галеријата на икони е сместена на катот во самата црква Св. Никола во Куманово. Во галеријата има голем број икони кои потекнуваат од неколку цркви. Во оваа галерија иконите се достојно презентирани и заштитени. Иконите се класифицирани во четири периоди: Византиски (11-14 век); Поствизантиски (15-18 век); Период на преродбата (19 век); Современ период (20 и 21 век).<br><br>Овие објекти претставуваат значаен потенцијал за нивно вклучување во културна туристичка понуда. | |
| **Настани и манифестации** | | | |
| Религиски настани и манифестации | Бадник<br>Водокрст<br>Свети Сава<br>Св.Теодор Тирон<br>Св.Ѓорѓи Кратовски<br>Фитер Бајрам<br>Курбан Бајрам<br>Велигден<br>Ѓурѓовден<br>Св.Петка<br>Илинден<br>Петти кладенци<br>Пресвета Богородица<br>Св.Симеон | Промовирање на културните вредности на регионот, можности за посета од соседните региони и вклученост во регионална понуда | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Собор Св.Никола | | |
| Културни настани и манифестации | Карадачки поетски средби<br>Мартовски есеи<br>Јекипе - единство - фолк фестивал на Ромите<br>Цветници<br>Тамбурашки оркестри<br>Меѓународен џез фестивал<br>Бајловски средби<br>Денови на комедијата - Средба на фолклорни ансамбли во СИПР<br>5 мај печење на Бик во Старо Нагоричане<br>Кратовска Компиријада<br>Златни Денови во Кратово<br>Ден на културата во Кратово<br>Европски тамбурашки фестивал во Кратово<br>Шопска Свадба (локалитет Камени кукли, општина Кратово)<br>Меѓународен фестивал Св. Јоаким Осоговски (драми, фолклорни друштва, концерти) | Промовирање на културните вредности на регионот, можности за посета од соседните региони и вклученост во регионална понуда | |
| Спортски настани | Државно првенство на Мотокрос - Ст. Нагоричане<br>Џип рели (Крива Паланка)<br>Златни денови (Кратово) | | |
| Гастрономски настани | Пивтијада<br>Празијада С. Режановце(Куманово)<br>Чваркијада (Куманово)<br>Бајловски средби (Зелници)<br>Зелници Кратово (за Благоец) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Компиријада (Крива Паланка)<br>Кратовска Компиријада | | |
| **Етнографско наследство**<br>(број и име) | | | |
| Традиционални стопански активности (филигранство, казанџиство, резбарство, кујунџиство и др.) | Дрворез и иконопис (Старо Нагоричане)<br>Ткаење (Старо Нагоричане)<br>Грнчарство (Табановце)<br>Ковачи (Крива Паланка, Куманово)<br>Потковачи (Старо Нагоричане, Куманово) | Можности за едукативни содржини, креативни работилници, промовирање на старите занаети. | |
| Пазари и панаѓури | Куманово, Кратово, Крива Паланка и Ранковце<br>Тука спаѓаат и сточните пазари (Крива Паланка, Куманово, Ранковце) | Размена и промоција на традиционална локална и регионална храна и животни | |
| Фолклор (народни носии, обичаи, игри, песни и др.) | “Невестинско поклонение на Св. Теодор Тирон” , с. Конопница (Крива Паланка)<br>Бајловска свадба (С. Бајловце) (Старо Нагоричане)<br>Шопска свадба (село Куклица, општина Кратово) | Возобновен обред (традиционално се одржува веќе 7 години) за младите невести, значаен потенцијал за традиционална културна туристичка манифестација. | |
| Културни и фолклорни асоцијации | **КУМАНОВО**<br>1. Панче Пешев<br>2. Бајрам Шабани<br>3. Раши Шакири<br>4. КУД Срма<br>5. КУД Ѓоко Симоновски (пензионерско културно друштво)<br>6. КУД Српски Вез<br>**КРИВА ПАЛАНКА**<br>1. КУД 8 Октомври<br>2. КУД Фолклористи<br>3. КУД Карпош | Можности за нивно вклучување во културната туристичка понуда, инцијативи за збратимување и зголемена промоција на селата/градовите од каде доаѓаат. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4. Распеани паланчани<br>**КРАТОВО**<br>1. Св. Ѓорѓи кратовски - Распеани Кратовчани (тамбурашки оркестар)<br>2. КУД Ефрем Каранов (фолклор)<br>**ЛИПКОВО**<br>1. ЈЕТА ЕРЕ Село Слупчане<br>2. Општински хор Зијадин Исмаили<br>**СТАРО НАГОРИЧАНЕ**<br>1. КУД Карпош<br>2. КУД Српски Вез | | |
| Регионални кулинарски специјалитети (име) | Кумановски суџук<br>Мезелек<br>Пивтија<br>Флија – тури потпечи<br>Кратовска Пастрмајка<br>Паланечки симит<br>Сарамасаклија (сукана баница со кисело млеко и лукче)(Крива Паланка)<br>Пропеќ<br>Кумановски биено сирење<br>Зелник од Старо Нагоричане<br>Зељанче од мелено месо (Кумановско)<br>Кратовски мантии | Можности за нивно вклучување во гастрономската туристичка понуда, на панаѓури, саеми за храна и сл. | |
| Регионални продукти | Компир (Кратовски, Кривопаланечки, Старо Нагоричане (арбанашки)<br>Липковски грав и праз<br>Нагоричански мед<br>Кривопаланечки мед | Можности за негово вклучување во гастрономската туристичка понуда, на панаѓури, саеми за храна и сл. | |
| **ПРОГРАМИ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | | | СТУДИЈА ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА СО ПРЕДЛОГ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ, МЕД, 2012 |
| **ПРОГРАМИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ** | ИПА 0186<br>Подобрување на квалитетот на живот преку промоција и развој на културните ресурси во регионот Гоце Делчев и Кратово и создавање атрактивен културен центар | Реализираните и тековни програми од различни фондови се значајна помош за општините и регион во функција на подобрување и збогатување на содржините во функција на рурален туристички развој | Локална самоуправа |
| „Обновување на селата" програми | СВЕ 0061 Програма за интегриран развој на рурални заедници | | |
| Висина на помош | ИПА 0171 295.000 ЕУРО<br>ИПА 0186 91.970 ЕУРО<br>ИПА 0153 299.648 ЕУРО<br>СВЕ 0061 1.691.640 ЕУРО | | |
| ЕУ Фондови | ИПА 0171 Градење меѓугранична културна соработка<br>ИПА 0152 Туризам без граници<br>ИПА 0186<br>Подобрување на квалитетот на живот преку промоција и развој на културните ресурси во регионот Гоце Делчев и Кратово и создавање атрактивен културен центар | | |

*4.2.1.5 Рекреација и спорт*

Рекреацијата и спортот се дел од активниот пристап во креирањето на туристичката политика за рурален развој. Овие две развојни можности опфаќаат широк дијапазон на регистрациони единици, како индикатори и параметри базирани на секторите на кои им припаѓаат. Регистарот ги опфаќа риболовните друштва, капацитетите на капалишно-рекреативните активности, термалните можности, можностите за јавање и други спортски и рекреативни објекти.

**Табела 5: Рекреација / Спорт**

| ОБЛАСТ | Индикатори, параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извор на податоци |
|---|---|---|---|
| Риболовни друштва | МАКДАМ - Куманово, ЗСР Мрена – Крива Паланка, ЗСР Клен – Кратово, ЗСР Пчиња – Куманово | Можности за спортски риболовни натпревари, турнири, настани | Спортски друштва, Спортски клубови здруженија, Локална самоуправа |
| **РЕКРЕАТИВНИ КАПАЛИШНИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| Отворени базени (незатоплена вода)(број и име)<br><br>Затворени базени | Отворен базен - Кратово<br>Отворен базен – Крива Паланка<br>Отворен базен Ловачки – Куманово<br>Алписан – Горно Коњаре(Кумановско)<br>Куманово | Содржината на овие рекреативни активности е во функција на рурален туризам | |
| Термални бањи)(број и име) | Кумановска Бања<br>Бања Стрновац (2 отворени базени) | Присуството на термални бањи дава можности за здравствено-рекреативн содржини | |
| **ЈАВАЊЕ**<br>Број на коњи | 2330 | Содржина на активности на јавање во функција на рурален туризам во регионот | Ветеринарна служба на локално ниво, Спортски друштва, клубови на селски домаќинства што поседуваат коњи и магариња |
| **ДРУГИ СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ ОБЈЕКТИ** | Детски игралишта 4<br>Отворени тениски игралишта 5<br>Спортски полигони 1 | Содржини што се нудат во спортски објекти и можат да се вклучат во туристичката понуда на рурални средини | Спортско-рекреативни центри, Локални самоуправи, Спортско-рекреативни клубови |

*4.2.1.6 Услуги за сместување и услуги на храна и пијалаци*

Угостителството во руралните средини опфаќа сместување и ресторани. Тие во основа не припаѓаат само на руралните средини со оглед на тоа дека во функција на развој на овој вид туризам може да се искористат и оние објекти кои не се во директна врска со локалитетите од типско рурален карактер. Со оглед на тоа дека угостителските објекти во урбаните средини можат да комуницираат со руралната сфера, земени се индикаторите кои се однесуваат на расположливите капацитети како генерална категорија. Во таа смисла се дадени сместувањата во целиот

регион. Напорите да се изнајдат специфични понуди од типот на еко-издржаност или пак, од типско рурален карактер не се реализирани поради отсуство на евиденција, но нивното евидентирање во Регистарот претставува одговор на отвореноста на овој документ кон идни можни проширувања.

**Табела 6: Сместување, ресторани**

| **ОБЛАСТ** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извор на податоци** |
|---|---|---|---|
| **СМЕСТУВАЊЕ** | | | |
| Број на објекти во регионот | 341 | СИПР има најмало учество во РМ со број на соби што покажува на неповолната положба на обој регион во однос на другите од аспект на сместувачки капацитети | СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО СИПР 2011-2016<br>ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 |
| Број на легла во регионот | 648 | СИПР има најмало учество во РМ со број на легла што покажува на неповолната положба на обој регион во однос на другите од аспект на капацитет на сместувачки капацитети | СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО СИПР 2011-2016<br>ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 |
| **Учество на објектите кои поседуваат еко-ознака (во %)** | 0 | Домаќинства или сместувачки капацитети кои ја поседуваат оваа ознака сеуште нема во овој регион, но исто и на ниво на државата. Но, постои иницијатива и регулатива за добивање еко-ознака. | Локална Самоуправа, Министерство за Економија - Сектор за туризам Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **РЕСТОРАНИ (број, број на седишта)** | Сместувачки капацитети: "Етно Село" - ресторан и хотел со 35 соби (Старо Нагоричане)<br>Пелинце -10 соби<br>Етно село Крива Паланка (кај Св. Јоаким Осоговски) | Постојните угостителски капацитети за рурален туризам, иако скромни, претставуваат почетна основа за развој на сместување во овие средини | Државен завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/), Локална самоуправа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Куклица Етно-ресторан и 6 соби (село Куклица, Кратово) | | |

*4.2.1.7 Настани (саеми, конгреси, конференции  и сл.*

Настаните се една од круцијалните форми на руралната понуда од двоен карактер. Примарно најголем број од традиционалноста во руралните средини се врзува на настани во овие просторни целини. Секундарно пак, сите настани во регионот можат да ги искористат капацитетите што ги поседува руралната сфера. Поради тоа, Регистарот опфаќа вакви форми на туристичка понуда и во двете интегрирани подрачја. Тие се дадени како општ број во вкупната понуда.

**Табела 7**:  **Настани (Саеми, конгреси, конференции и сл.)**

| **ОБЛАСТ** | **Индикатори , параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извори на  податоци** |
|---|---|---|---|
| **НАСТАНИ (САЕМИ, КОНГРЕСИ, КОНФЕРЕНЦИИ И СЛ.)** | Просечен број на годишно ниво по места и во рамки на регионот | | Локална Самоуправа, |
| **Настани по број и име** | **150  настани на ниво на регион** | Одржувањето на настани | **ЛЕР, НВО, Познаватели на прилики** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | придонесува кон зголемена посетеност на регионот и можност за негово промовирање како дестинација за туризам на настани. | |

### *4.2.2 Евидентна листа на туристичката побарувачка*

Евидентната листа на туристичката побарувачка ги опфаќа следниве компоненти:

- посетеност;
- престој;
- потрошувачка и
- емитивни зони (пазари).

#### *4.2.2.1 Посетеност*

Посетеноста претставува параметар со кој се определува нивото на аспирации на туристите за присуство во руралните средини во СИПР. Динамиката овозможува да се следи развојот, а структурата да се определат туристичките пазари за овој вид на активност. Исто така е многу важно да се утврди сезоналноста. Таа е дадена во следната табела.

**Табела 8: Посетеност на туристите**

| **ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|
| **ПОСЕТЕНОСТ** | Податоци за обемот и структурата на туристичка посетеност на регионот | | Државен завод за статистика www.stat.gov.mk |
| **Број на посетители**<br>Вкупно<br>Домашни | <br>6 937<br>2 703 | Структурата на посетителите покажува поголема поволност на странските во однос на домашните. | Државен завод за статистика www.stat.gov.mk<br>Локална самоуправа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Странски<br><br><br>**Посетеност по месеци** | 4 234<br><br>домашни странски<br>2014M1 170 170<br>2014M2 140 194<br>2014M3 260 288<br>2014M4 290 308<br>2014M5 163 284<br>2014M6 213 373<br>2014M7 169 631<br>2014M8 391 624<br>2014M9 217 501<br>2014M10 275 329<br>2014M11 281 292<br>2014M12 253 240 | Соодносот помеѓу странските и домашните посетители изнесува 61%:39%. | |

*4.2.2.2 Престој*

Престојот ги содржи индикаторите на остварени ноќевања и долготрајност во посетата. Врз основа на овој параметар може да се индицира нивото на задоволство од посетеноста, степен на искористеност на ресурсите и да се определи динамика на движење на идните плански форми од овој карактер. Престојот е даден преку апсолутни вредности, нивна коњуктурна структура и ниво на просечно користење на капацитетите.

**Табела 9: Престој на туристите**

| **ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|
| **ПРЕСТОЈ** | | Податоци за обем и содржина на реализирани ноќевања по региони | Државен завод за статистика www.stat.gov.mk/, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Реализирани noќевана**<br>Вкупно<br>Домашни<br>Странски<br><br><br>**Просечен престој**<br>Вкупно<br>Домашни<br>Странски<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**Ноќевања по месеци** | <br>10 671<br>4 465<br>6 206<br><br><br>1,5<br>1,6<br>1,4<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>домашни странски<br>2014M1 174 205<br>2014M2 279 370<br>2014M3 393 598<br>2014M4 540 441<br>2014M5 244 412<br>2014M6 377 458<br>2014M7 259722<br>2014M8 391 940<br>2014M9 377617<br>2014M10 495696<br>2014M11 454459<br>2014M12 482288 странски | Структурата во реализираните ноќевања покажува поголема поволност на странските во однос на домашните.<br>Соодносот помеѓу странските и домашните реализирани ноќевања изнесува 58%: 42%<br><br><br><br><br>Просечниот престој на туристите е индикатор за соодносот меѓу реализираните ноќевања и бројот на посетители. Овој сооднос е неповолен и укажува на многу краток престој на туристите во Регионот.<br>Индикативно е што и покрај поголемото учество на странските туристи тие се задржуваат помалку во споредба со домашните. | |

*4.2.2.3 Потрошувачка*

Под потрошувачка подразбираме слободни средства кои на директен или индиректен начин кои се искористени за време на престојот на туристите во планскиот регион. Врз основа на овие показатели може да се види движењето кое се однесува на содржината на туристичката понуда и користењето на туристичките производи од страна на барателите на услуги. Економските ефекти се основа за предвидувања на идни инвестициони вложувања и оптимално користење на ресурсите.

**Табела 10: Туристичка потрошувачка**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори, параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извори на податоци |
|---|---|---|---|
| **ПОТРОШУВАЧКА** | 2 .379 .487 УСД Годишно | Просечна потрошувачка добиена врз основа на остварената посетеност во однос на вкупната потрошувачка на Република Македонија од страна на странските туристи | Банка на РМ (НБРМ) www.nbrm.mk/ WTTC, Country report, Macedonia, 2015 |

*4.2.2.4 Пазари*

Пазарите се динамична категорија и многу често во определени општествено - политички околности можат да имаат променлив карактер. Меѓутоа, истражувањата овозможуваат да се издвојат стандардни просторни целини во кои може да се пласира туристичката понуда. Туристичките пазари се обработуваат во период од последните десет години со што се добиваат топ емитивни туристички зони.

**Табела 11: Туристички пазари**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори, параметри и информации | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извори на податоци |
|---|---|---|---|
| **ПАЗАРИ (ЕМИТИВНИ ЗОНИ)** | | Земји од кои доаѓаат странските туристи во регионот | Државен завод за статистика www.stat.gov.mk/, |
| **Посетители по земји на припадност** | Р. Србија, Р. Бугарија, Р. Косово, Р. | Тоа се граничните држави со | Информации од општини, хотели и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **во последните 10 години** | Албанија | Република Македонија | музеи |

### *4.2.3 Евидентна листа на конкуренцијата*

Анализата на конкуренцијата се темели на пристапот од експертски карактер во смисла на споредување на дестинации од окружувањето на Република Македонија и планскиот регион. Тоа значи како конкурентни целини претставуваат држави од непосредното соседство и планските региони во РМ со кои СИПР има непосредни допирни и заеднички односи. Оваа област опфаќа не само номинација на регионалните целини како конкурентни пазари, туку и видови на туристички производи во регионот и конкуренцијата, заеднички настапи на туристички пазар, начини на пласман на туристичките производи, карактеристики на сообраќајната поврзаност и квантитативно и квалитативни карактеристики на сместувањето.

**Табела 12: Евидентна листа на конкуренцијата на СИПР**

| **ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извор на податоци** |
|---|---|---|---|
| **КОНКУРЕНТНИ ПРОСТОРНИ ЦЕЛИНИ** | . | Постојните соседни региони или држави со кои се граничи регионот, а се важни за рурален развој и туризам | Просторен план на РМ (http://217.119.248.161/?spatialplaning =% Географска карта, Локална самоуправа, Центри за регионален развој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гранични целини (соседни општини, региони, држави и сл.) (број и име) | Држави:<br>Бугарија(2014г) 9,4 мил. странски посетители (Грција, Романија, Турција, Русија, Македонија, Германија)<br>Србија (2014) 1,1 мил. странски посетители (Словенија, Турција, Полска, Црна Гора, Македонија, БиХ, Хрватска, Грција)<br>Косово (2013) 50.000 странски посетители (Албанија, САД, Турција, Швајцарија, Словенија)<br>Региони:<br>Скопски (2014) 168 037 странски туристи<br>Источен (2014) 8 729 странски туристи | Утврдување на посетеноста, престојот, потрошувачката и структурата на туристите во конкурентните региони и земји е значаен индикатор кој укажува на местото на Североисточниот регион во туризмот во Македонија во споредба со неговите соседни региони. Податоците покажуваат дека овој регион бележи најмала посетеност од странски туристи во споредба со трите соседни региони во Македонија. Неговото учество според овој параметар во Македонија е 1% и едновремено е најмало учество на ниво на Македонија.<br>Во споредба со соседните држави ситуацијата на овој регион е уште понеповолна, особено во поглед на структурата на странските туристи. | Државен завод за статистика на РМ (www.stat.gov.mk/),<br>Национален статистички институт на Бугарија (www.nsi.bg)<br>Републички Завод за статистика на Р. Србија (webrzs.stat.gov.rs)<br>Статистички Завод на Косово (https>//ask.rks-gov.net |
| Пошироки регионални целини (име) | Регионални целини кои не се граничат со регионот, а се важни за развој на руралниот туризам во Република Македонија<br><br>Полошки регион (Маврово, Реканскиот крај, Попова Шапка)<br>Југозападен регион (Вевчани, Радожда, Галичица, Македонски Брод)<br>Пелагониски регион (Пелистер, Љубојно, Дихово, Демир Хисар)<br>Југоисточен регион (Дојран, Бања Банско)<br>Вардарски регион( Тиквеш) | Можности за креирање пошироки регионални туристички производи | http://macedonia-timeless.com/,<br>http://www.exploringmacedonia.com/,<br>http://www.visitmacedonia.com.mk/,<br>http://www.macedoniatravel.com/,<br>http://www.macedoniaexperience.com |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ** | Постојните туристички производи значајни за рурален туризам во понудата на конкурентните региони (пр. Селски туризам во Србија) | | Брошури, проспекти, туристички агенции, web-страни – На пр. постоечки и минати програми и проекти за развој на руралниот туризам во конкурентните региони на земјата (претежно од соседните земји), |
| Препознатливи туристички производи за конкурентните региони (име и вид: плански, езерски, еко, и др.) | Бугарија: рурален туризам, бањски туризам, планински туризам (Рурално сместување – село Враца – Ќустендил)<br><br>Србија: селски туризам, бањски туризам, ловен туризам (Прешево Ловечко друштво Фазан),адреналински спортови, лов и риболов, традиционални манифестации (ора) и бањски туризам<br>Косово: рурален туризам (Ново брдо "Зелени бели дробови на Косово", Валиранч, - Ергела и егзотични животни (Гњилане Косово) | Потенцијалот за рурален туризам е особено значаен во селските и планинските подрачја кои вклучуваат различна содржина на туристички производи рекреативни активности, активности на фарма, културни содржини, традиции, занаети, велосипедизам, пешачење, планинарење и др. | www. srbija.superodmor.rs<br>http://turizamusrbiji.rs/banje/<br>http://www.lastminuteponude.com/banje-i-wellness/Srbija<br>http://www.selo.rs/<br>http://banjeusrbiji.com/sve-banje/juzne/<br>http://bulgariatravel.org/en/tourism_types/90<br>http://bulgariatravel.org/en/object/47/Vyrshec<br>http://www.visitbulgaria.net/en/rural/<br>http://www.bedtime.bg/en/rural-and-eco-tourism-in-bulgaria |
| Начини на пласман на туристичките производи во конкурентните региони:<br>Преку туристички агенции<br>Преку Интернет | Индикативна листа на канали на дистрибуција:<br>www.yuta.rs<br>www.srbija.superodmor.rs<br><br>http://turizamusrbiji.rs/banje/<br>http://www.lastminuteponude.com/banje-i-wellness/Srbija | Окружувањето може да преставува пример како да се пристапи во пласманот на туристичките производи во СИПР. Посочените форми за пласман се добра основа за промотивни активности во оваа сфера. | http://amsdottorato.unibo.it/7048/1/Arenliu_Arlinda_tesi.pdf<br>www. srbija.superodmor.rs<br>http://turizamusrbiji.rs/banje/<br>http://www.lastminuteponude.com/banje-i-wellness/Srbija<br>http://www.selo.rs/<br>http://banjeusrbiji.com/sve-banje/juzne/<br>http://bulgariatravel.org/en/tourism_types/90<br>http://bulgariatravel.org/en/object/47/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Преку саеми | http://www.selo.rs/<br>http://banjeusrbiji.com/sve-banje/juzne/<br>http://bulgariatravel.org/en/tourism_types/90<br>http://bulgariatravel.org/en/object/47/Vyrshec<br>http://www.visitbulgaria.net/en/rural/<br>http://www.bedtime.bg/en/rural-and-eco-tourism-in-bulgaria<br>http://tourism-novobrdo.com/<br><br>Меѓународен саем за туризам: Holiday & Spa expo, Sofia<br>Белградско Сајмиште, Beogradski sajam turizma | | Vyrshec<br>http://www.visitbulgaria.net/en/rural/<br>http://www.bedtime.bg/en/rural-and-eco-tourism-in-bulgaria<br>http://tourism-novobrdo.com/<br>http://www.beogradskisajamturizma.rs/<br>http://www.holidayfair-sofia.com/?language_id=2 |
| **Сообраќајна поврзаност** | Квалитет и квантитет на сообраќајниците на конкурентните региони<br>Скопски регион - должина на патна мрежа<br>1363 км<br>Источен регион - должина на патна мрежа<br>1187 км<br><br>Коридор 10 и Коридор 8 | Постои добра сообраќајна поврзаност со конкурентните региони | Државен завод за статистика за соседните региони (http://www.stat.gov.mk/).Публикации за држави за оваа проблематика (пример: http://europe.unwto.org/country/former-yugoslav-republic-macedonia), Просторни планови на конкурентните региони (за определување на состојбата на комуникациската поврзаност) (пример: Просторен план на Југозападен плански регион) |
| **Сместувачки капацитети** | Обем и структура, исполнетост – туристичка сезона на конкурентните региони (2014)<br><br>Скопски регион<br>– Бр.на соби 2601<br>- Бр.на легла 5344 | СИПР заостанува во поглед на остварениот туристички промет во однос на конкурентните средини особено зад Скопскиот Регион. Креирањето на заеднички туристички производи може да ја ублажи оваа | Државен завод за статистика (за конкурентните региони во РМ) (http://www.stat.gov.mk/), Промотивен материјал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Бр. на туристи: 196 087<br>- ноќевања 390 798<br>Источен регион<br>– р.на соби 637<br>- Бр.на легла 1869<br>- Бр. на туристи: 23 035<br>- ноќевања 49221 | конјуктура. | |

4.2.4 Евидентна листа на пазарните трендови

Пазарните трендови се значајна перспектива која овозможува донесување на акциони планови на глобално и посебно ниво. Трендовите се обработени преку следниве категории: број на расположливи сместувачки капацитети во домаќинства во рурално-туристички активности, видови туристички производи за рурален туризам, заштита на животната средина во руралните средини, обука на туристичките водичи, кустоси и придружници и заштита на потрошувачите.

Евидентната листа на пазарните трендови е прикажана во следната табела:

**Табела 13: Пазарни трендови**

| **ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | **Индикатори, параметри и информации** | **ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|
| **ТРЕНДОВИ** | | Податоци кои од наведените трендови се присутни во регионот и со какви карактеристики(пр. каква е | Државен завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/), Локална самоуправа, Здружение на туристички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | динамиката на домаќинства кои ги приспособиле своите капацитети за прифаќање на туристи во руралните средини или пак за презентација на атрактивностите што ги поседуваат) | водичи (http://www.vodicimk.org.mk/), Организација на потрошувачите на Македонија (www.opm.org.mk/), Закон за заштита на потрошувачите, НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ 2013-2017, Стратешки документи и планови на локалната самоуправа, Туристички агенции (анализа на нивната понуда) |
| **Број на расположливи сместувачки капацитети во домаќинства во рурално-туристички активности** | 62 соби | Почетна основа за унапредување на сместувањето во руралните средини | Познаватели на прилики |
| **Видови туристички производи за рурален туризам** | *Манифестации:*<br>- *5 мај печење на бик на ражен по повод Ѓурѓовден (Св. Ѓорги)*<br>- Компиријада Калин Камен,<br>- Пивтијада (Куманово)<br>- Ликовна колонија Карпино (Куманово) | Ваквите манифестации претставуваат современа понуда за домашните и странските посетители | Постоечка понуда за рурален туризам на туристичките агенции |
| **Заштита на животната средина во руралните средини:**<br>**Име на локалитети** | Законски се заштитени вкупно 5 локалитети, и тоа: Плоче-литотелми кај с. Страцин, Земјани пирамиди кај с. Куклица, Борови во Кратово, Карши Бавчи во Кратово и Даб во с. Орашац. | Нивниот комплементарен карактер овозможува содржајност во туристичката понуда на руралниот туризам. | Документи на локалната самоуправа |
| **Обука на туристичките водичи, кустоси и придружници** | ФТУ-Охрид, ФТБЛ-Штип | Обуки од страна на високообразовни институции и странски донатори и туристички здруженија | Проверка на бројот на туристички водичи, како и листа на сите водичи со нивните генералии може да се добие од Здружението за турзам. Водичи и придружници или од високо-образовните институции што издаваат сертификати (http://www.vodicimk.org.mk/), |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Заштита на потрошувачите:**<br>- **можни брендирани производи карактеристични за руралните средини (име и број)** | - кумановски мезел΄к и кумановскиот суџук<br>- зелјанче<br>- кумановско биено сирење<br>- кривопаланечка сарамасаклија<br>- паланечки симит<br>- кратовска пастрмајка | Автентичноста на овие гастрономски производи има регионални карактеристики | Документи на локалната самоуправа |

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Прашалникот е структуриран низ активности кои се од комбиниран карактер. Имено, во рамките на кабинетското истражување експертскиот тим врз база на истражувачките резултати можеше да ги издиференцира вредносните категории кои беа дадени како предлог. Втората компонента од структурирањето на прашалникот беше реализирана преку забелешките, ставовите и мислењата на самите консултативни состаноци. Така се дојде до консензуална одлука за прифаќање на овој истражувачки модел. На организираните консултативни настани се дојде до размена на искуства и интерпретацијата на вредностите на индикаторите. Така се воспостави релација која придонесе да се документираат коментарите и предлозите во функција на добивање правилни оценки за вредностите за развој на руралниот туризам. Преку најдобрите оценки се утврдија развојни полови. Нивното окружување во функција на руралниот туризам овозможува диференцијација на зони за развој на руралниот туризам. Зоните опфаќаат рурално туристички локалитети како носители на развојот и комплементарни содржини кои се дел од матриците. Утврдените локалитети како развојни полови претставуваат гравитациони центри во рамките на зоните за рурален развој.

Врз основа на добиените оценки се диференцирани најдобрите решенија. Приоритетизацијата ги опфаќа токму вака оценуваните категории. Тие се основа за инвестициски активности и подобрување на условите во руралните средини.

Оценките се добиени врз основа на две вредности пресметани врз основа на одговорите од анкетните прашалници. Првата вредност е средна (просечна) вредност од добиените одговори, а втората вредност е дисперзија, односно отстапувањето на резултатот од средната вредност. За секоја активност дадени се конкурентни локации кои беа предмет на оценување. По пресметување на средната вредност и дисперзијата за секоја од локациите, како најдобра оценка е земена највисоката средна вредност и најмалата дисперзија. На тој начин обезбедуваме да се оцени најдобро оној локалитет којшто добил највисока просечна оценка од страна на анкетираните лица, но и локалитетот кој има најмало отстапување од дадената оценка, односно локалитетот за кој најголемиот дел од испитаните се согласиле за добиената оценка без драстично отстапување од неа.

Теренското истражување се реализира со прибирање податоци врз основа на креирана матрица. Впрочем се работи за примарно истражување во кое е искористен инструментот на прашалник. Оваа методологија овозможува проценка на туристичките содржини идентификувани како „Фактори”, „Атрактори” и “Поддршка на услугите”.

Факторите ги претставуваат ресурсите и нивните потенцијали за привлекување на туристи, а сеуште не се вклучени во туризмот.

Атракторите се всушност туристичките атрактивности, локалитети и објекти кои ги привлекуваат туристите и бележат определен степен на туристичка посетеност. Тие се всушност постојната туристичка реалност во регионите и општините.

Поддршката ја претставуваат сите елементи кои ги поддржуваат активностите  што ги креираат атракторите на туризмот.

Основата на ФАС методологијата  подразбира анализа на дестинацијата преку заедничка евалуација на сите потсистеми и клучни елементи на дестинацијата.

Целта на оваа методологија е да се идентификува состојбата во Планските региони и општини што се предмет на истражување во овој Проект  од аспект на развиеноста на нивните ресурси за рурален туризам. Притоа, идентификацијата и класификацијата на различните елементи е во непосредна врска со креираните модели на истражување за понудата, побарувачката, конкурентноста и трендовите во туризмот. Ова послужи како основа да се направи идентификација на факторите, атракторите и елементите на поддршка и да се структурира прашалникот.

